## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3526.**

Врз основа на член 13 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 77/2009 и 24/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.11.2011 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Со оваа одлука се отстапува 125.000 литри дизел гориво Еуродизел БС и 3000 литри Еуросупер БС – 95 од стоковните резерви, без надомест, на:

- Здружение на превозници во патниот сообраќај „Исток“ – Скопје – 75.000 литри Еуродизел БС
- Јавно сообраќајно претпријатие – Скопје - 50.000 литри Еуродизел БС и Шумска полиција 3.000 литри Еуросупер БС – 95.

Член 2

Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 51-7255/1 Претседател на Владата
15 ноември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3527.**

Врз основа на член 57 став (6) од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011 и 148/2011), Владата на Република Македонија, на седница одржана на 15.11.2011 година , донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК, ВИДОТ И КОЛИЧЕСТВОТО НА РАСТЕНИЈА, РАСТИТЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ПРЕДМЕТИ ЗА КОИ СЕ ПЛАЌА НАДОМЕСТОКОТ, КАКО И ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

Во Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/2011) во член 2 ставот (3) се брише.

Член 2

Во член 3 во насловот на членот по зборот „извоз,“ се додава зборот „транзит“.

Ставот (1) се менува и гласи:

„За вршење на фитосанитарна инспекција на пратките со растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V дел Б кои се извезуваат, транзитираат или се ре-експортираат од Република Македонија, се плаќа посебен надоместок за преглед на документите, преглед на идентитетот и преглед на здравјето на растенијата во износи пропишани според Прилог 1 на оваа одлука.“

Член 3

Во членот 4 став (1) процентот „100%” се заменува со процентот „20%”.

Ставот (2) се брише.

Член 4

Членовите 6, 7, 8, 9 и 10 се бришат.

Член 5

Членот 11 се менува и гласи:

“Висината на надоместоците за вршење на фитосанитарни прегледи на пратки растенија, растителни производи и други објекти и предмети при увоз, извоз, транзит и реекспорт се наплатува во денари.”

Член 6

Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на оваа одлука.

Член 7

Прилозите 2, 3 и 4 се бришат.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 51-7128/1 Претседател на Владата
15 ноември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

ПРИЛОГ 1

Надоместоци за фитосанитарна инспекција на пратки со растенија, растителни производи и други објекти и предмети (со камион, вагон или контејнер) при увоз, извоз, ре-експорт и транзит,

| | | **Цена во денари** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Назив** | **Количество** | **Увоз** | **Извоз** | **Реекспорт** | **Транзит** |
| **1.Преглед на документи** | По сертификат: | 200,00 | 200,00 | 200,00 | 200,00 |
| **2. Преглед на идентитетот** | По сертификат: | 200,00 | 200,00 | 200,00 | 200,00 |
| | | | | | |
| **3. За преглед за здравјето на растенијата, производи за заштита на растенијата и ѓубрива, според следната спецификација:** | | | | | |
| 3.1. Резници, садници (освен шумскиот репродуктивен материјал), расад од јагодесто и зеленчукови растенија. | За една пратка: | | | | |
| | - до 10.000 броја | 1.000,00 | 500,00 | 500,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои 1.000 дополнителни броја | 100,00 | 50,00 | 50,00 | / |
| 3.2. Грмушки, дрвја (растила, дрва за садење – за одгледување), шумски репродуктивен материјал, освен семе | За една пратка: | | | | |
| | - до 1.000 броја | 1.000,00 | 500,00 | 500,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои 100 дополнителни броја | 30,00 | 30,00 | 30,00 | / |
| 3.3. Луковици (главици),кртоли (израстоци), ризоми, наменети за садење (освен кртоли од компир) | За една пратка: | | | | |
| | - до 200 кг. тежина | 1.000,00 | 370,00 | 370,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 10кг. | 10,00 | 10,00 | 10,00 | / |
| 3.4. Семе и култура на ткиво (меристем на ткива) | За една пратка: | | | | |
| | - до 100 кг. тежина | 500,00 | 370,00 | 370,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 10 кг. | 10,00 | 10,00 | 10,00 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.5. Други растенија наменети за садење, кои не се наведени во оваа табела | За една пратка: | | | | |
| | - до 5.000 броја | 1.000,00 | 370,00 | 370,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 100 броја | 10,00 | 60,00 | 60,00 | / |
| 3.6. Режано цвеќе | За една пратка: | | | | |
| | -до 20.000 броја | 1.000,00 | 370,00 | 370,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 1. 000 броја | 8,00 | 8,00 | 8,00 | / |
| 3.7. Гранки со лисја, делови од иглолисни (освен режани божиќни дрвца) | За една пратка: | | | | |
| | -до 1.000 кгр. тежина | 1.000,00 | 370,00 | 370,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 100 кг. тежина | 100,00 | 30,00 | 30,00 | / |
| 3.8. Режани божиќни дрвца | За една пратка: | | | | |
| | - до 1.000 броја | 1.000,00 | 370,00 | 370,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 100 боја | 100,00 | 30,00 | 30,00 | / |
| 3.9. Листови на растенијата, како лисја од билки, зачини (мирудии) и лиснат зеленчук | За една пратка: | | | | |
| | -до 10.000 кг. тежина | 500,00 | 300,00 | 300,00 | 600,00 Вкупно |
| | -за секои наредни започнати 1.000 кгр. | 100,00 | 30,00 | 30,00 | / |
| 3.10. Овошје и зеленчук, освен лиснат зеленчук | За една пратка: | | | | |
| | - до 25.000 кг. тежина | 1.000,00 | 500,00 | 500,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 1.000 кг. | 40,00 | 20,00 | 20,00 | / |
| | За пратка составена со повеќе од пет различни видови овошје и зеленчук, а со исклучок на пратки од семенски и саден материјал и компир (партија-семенски и меркантилен) за тежина до 25.000кг. | 2.500,00 | 1.500,00 | / | / |
| | - за секои дополнителни започнати 1000 кг. | 50,00 | 30,00 | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.11. Кртоли од компир | За една пратка: | | | | |
| | - до 25.000 кг. тежина | 2.400,00 | 370,00 | | |
| | -за секои дополнителни 25.000 кг. | 2.400,00 | 370,00 | | |
| 3.12. Дрво, освен дрво со кора | За една пратка: | | | | |
| | -до 100 $м^3$ волумен | 2.000,00 | 500,00 | 500,00 | 600,00 |
| | - за секој дополнителен 1 $м^3$ | 100,00 | 50,00 | 50,00 | 60,00 |
| 3.13. Почва и почвен супстрат, кора од дрво | За една пратка: | | | | |
| | - до 25.000 кг. тежина | 1.000,00 | 370,00 | 370,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 1.000 кг. | 40,00 | 20,00 | 20,00 | / |
| 3.14. Жито (зрнеста храна) – пченка, пченица, јачмен, 'рж, ориз и друго (меркантилна) Семенска – двојна тарифа | За една пратка: | | | | |
| | - до 25.000 кг. тежина | 1.000,00 | 300,00 | 300,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 1.000 кг. | 40,00 | 10,00 | 10,00 | / |
| 3.16. Други растенија и растителни производи, неспецифицирани на друго место во оваа табела | За една пратка: | | | | |
| | - до 25.000 кг. тежина | 900,00 | 370,00 | 370,00 | 600,00 Вкупно |
| | - за секои дополнителни 1.000 кг. | 100,00 | 50,00 | 50,00 | / |
| 3.17. Производи за заштита на растенијата | За една пратка: | | | | |
| | - за секои започнати 1.000 кгр./лит. | 100,00 | 100,00 | 50,00 | 600,00 Вкупно |
| 3.18. Органски, минерални ѓубрива и фитохормони | За една пратка: | | | | |
| | - за секои започнати 1.000 кгр./лит. | 50,00 | 25,00 | 25,00 | 600,00 Вкупно |
| 3.19 Амбалажа од дрвен материјал за пакување (палети, бокс палети, дрвени кутии и сл.) | За една пратка: | | | | |
| | -до 10.000 кгр. | 200,00 | / | / | / |
| | - за секои дополнителни 1.000 кг. | 20,00 | / | / | / |

**3528.**

Врз основа на член 10 од Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2010 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ИНТЕРСЕКТОРСКОТО ТЕЛО ЗА ХЕМИКАЛИИ

I. За членови на Интерсекторското тело за хемикалии се именуваат:

1. Лидија Савиќ, раководител на сектор во Бирото за лекови, орган во состав на Министерството за здравство, која истовремено ќе раководи со Интерсекторското тело;
2. Љубица Гиачо, раководител на Одделението за граничен инспекциски надзор во Министерството за здравство;
3. Емилија Ќупева-Неделкова, раководител на Одделението за хемикалии и индустриски несреќи во Министерството за животна средина и просторно планирање;
4. Анна Лазару-Јошевска, главен инспектор во Отсекот за контрола на квалитетот и развој во Одделението за криминалистичка техника во Министерството за внатрешни работи;
5. Сунчица Георгиевска, советник во Фитосанитарната управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
6. Марјан Славков, самостоен советник во Службата за царинска лабораторија, Сектор за царински систем во Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии;
7. Габриела Секуловска од Центарот за превентивна медицина при Воено-медицинскиот центар при Министерството за одбрана;
8. Соња Костовска, раководител на Одделението за превоз на опасни материи во Министерството за транспорт и врски;
9. Ваедин Даути, раководител на одделение во Секторот за меѓународна-трговска соработка во Министерството за економија;
10. Марија Милкова од Центарот за управување со кризи;
11. Филип Гоцо, раководител во Секторот за хемија во Алкалоид АД – Скопје, како член од Стопанска комора.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 22-939/2 Претседател на Владата
8 ноември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3529.**

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011 и 148/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА, ОХРИД

1. Ванчо Костоски се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на општината Охрид на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, поради истек на мандатот за кој е именуван.

1.1. За член на Управниот одбор - претставник на општината Ресен на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, се именува Марјан Музоски.

2. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, поради истек на мандатот за кој се именувани, се разрешуваат:
- Љупчо Димицијевски,
- Огнен Достиноски.

2.1. За членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, се именуваат:
- м-р Оливер Аврамоски, советник за стратешко планирање и развој во Јавната установа и
- Огнен Достиноски, раководител на Туристичко-рекреативна зона во Јавната установа.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-3844/2 Претседател на Владата
8 ноември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3530.**

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011 и 148/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТРУЧНИОТ ОРГАН НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО, МАВРОВИ АНОВИ

1. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:
- Илко Лазаревски,
- Тонче Стефанов.

2. За членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, се именуваат:
- Илко Лазаревски, раководител на Секторот за заштита на флора и фауна,
- Тонче Стефанов, ревирен раководител.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 22-5483/2 Претседател на Владата
8 ноември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3531.**

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2006, 92/2008, 36/2011 и 136/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ФИЛМСКИ ФОНД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За директор на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија се избира Дарко Башески, дипломиран филмски и ТВ снимател, досегашен директор на Фондот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 22-6995/1 Претседател на Владата
8 ноември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.